Бр./Nr 12-5943/2
07-02-2024 г./v.
(2023)

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 100-та седница одржана на 06.02.2024 година ја донесе следната

*О Д Л У К А*

Пријавата заведена под број 12-5943/1 од 28.12.2023 година, против лицето -------------------, ВД Директор на ООУ „-----------------" во ------------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што по извршена проверка на јавно достапните податоци се констатира дека во случајот со утврдената фактичка состојба не е констатирана повреда на Закон.

Предметот со број 12-5943/1 од 28.12.2023 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*О б р а з л о ж е н и е*

Од страна на непознат подносител, на ден 28.12.2023 година, поднесена е пријава за лицето ------------------, ВД Директор на ООУ „-------------" во ------ и оформен е предмет број 12-5943/1 од 28.12.2023 година.

Во пријавата подносителот наведува дека наведениот ВД Директор на основното училиште во ----------- почнувајќи од месец август 2022 година во три наврати била именувана за ВД Директор.

Именуваната директорка во целиот овој временски период во континуитет се претставувала како директор на училиштето иако во неколку наврати за временски интервал од по неколку дена биле именувани други лица за ВД Директори, кои биле наставници од кадарот на училиштето, кои во истото време држеле настава.

ДКСК направи увид во достапните информации од Централен регистар на РСМ при што утврди дека наведената директорка била именувана за ВД Директор на училиштето со Решение бр. 08----/2 од 18.08.2022 година.

По ова, со донесено Решение со број 08----- од 17.02.2023 година била извршена промена на ВД Директор каде на местото на дотогашната директорка ------------------- била

именувана -----------------, за подоцна повторно, со донесено Решение со број 08-226/3 од 28.02.2023 година да биле именувана ------------ за ВД Директор.

Подоцна со донесено Решение со број 08-----/3 од 31.08.2023 година била извршена промена на ВД директор, кога на местото на --------------- била избрана ---------------. Како и во претходниот случај, кратко подоцна, со донесено Решение со број 08-----/3 од 18.09.2023 година повторно била именувана -------------------- за ВД Директор.

Последна промена според податоците на Централен регистар на РСМ е направена на ден 04.01.2024 година, кога со донесено Решение со број 08------/4 од 31.12.2023 година бил извршен избор на лицето ------------- за Директор на Основното училиште „----------------" од -----.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот во случајот со утврдената фактичка состојба не е констатирана повреда на Закон по што оцени нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: м-р К.З.
Одобрил: м-р Ш.С., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**